Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 5 октомври 2007 година.

Бр. 07-4268/1
5 октомври 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Законот за исплата на платите во Република Македонија ( "Службен весник на Република Македонија" број 70/94, 62/95, 33/97, 50/2001, 26/2002, 46/2002 и 37/2005), во членот 3 став 2 зборот "патишта" се заменува со зборовите: "магистрални и регионални патишта", зборовите: " Фондот за заштита и унапредување на животната средина и природата" се бришат, а зборот "Заводот" се заменува со зборот "Агенцијата".

Ставот 4 се брише.

Член 2

Во членот 8 став 2 зборовите: "или чек издаден од банка или пошта " се заменуваат со зборовите: "преку трансакциска сметка".

Член 3

Во членот 9, став 1 зборовите: "кои имаат карактер на заедничка потрошувачка и материјални расходи" се бришат.

Член 4

Членот 12 се менува и гласи:

"Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на работодавачот кој платите ќе ги исплати спротивно на одредбите од овој закон.

Покрај глобата за дејството од ставот 1 на овој член на работодавачот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење од шест месеца до две години.

За дејството од ставот 1 на овој член на одговорното лице кај работодавачот ќе му се изрече глоба за прекршок во износ од 100 до 300 евра во денарска противвредност.

Покрај глобата за дејството од ставот 1 на овој член на одговорното лице кај работодавачот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење професија, дејност или должност во траење од една до три години."

Член 5

По членот 12 се додава нов член 12-а, кој гласи:

"Член 12-а

За прекршоците од членот 12 на овој закон прекршочната постапка ја води надлежниот суд.

Овластените службени лица кај надлежниот орган на државната управа надлежни за спроведување на примената на овој закон, се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците."

Член 6

Во целиот текст на Законот зборовите: "работодавецот", односно "работодавците" се заменуваат со зборовите: "работодавачот", односно "работодавачите".

Член 7

Работодавачот утврденото право на нето плата во периодот од 2007 до 2009 година може да го зголеми за по 10% годишно, започнувајќи со исплатата на платата за септември 2007 година.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".